


# ПЕТАР ПАШАНКО

Некогаш времето несвесно ги гази сите амбиции, сите желби и можности за индивидуална творечка активност, па затоа повеќе од зададените обврски остануваат нереализирани, заборавени,нагризени од забот на заборавот. Во ликовната уметност често се случува еден солиден ликовен уметник да нема организирано ни една самостојна изложба или да продолжи да го живее животот пасивно инцидентно навраќајќи се на својата професија како резултат на незадоволство од валоризацијата на неговото творештво (што често пати се случуваше во периодот на шестата деценија).

***Петар Пашанко*** е "пасивен" преставник на битолската ликовна клима, долгогодишен пензиониран професор по ликовна уметност во битолската гимназија. Неговата ликовна активност е најзабележана во шестата деценија кога завршува Академија за применета уметност каде покажува извонредни резултати особено во одделот за применета графика. Неговиот опус го сочинуваат масла и акварели, графики, цртежи и дела во плиток рељеф.

Најспецифичен израз авторот покажува во цртежот - појдовната суштина, битност на сите ликовни



дисциплини. Главно со илустративна конотација, цртежот изобилува со фигуративни престави со специфичен израз на карактерот и мотивот кој треба да го илустрира. Во ликовна смисла тие се работени реалистички (актовите и мртвите природи со специфики на академски реализам) и експресионистички (особено во делата каде е потребно да се потенцира експресијата на психолошкиот момент).

Цртежите работени во туш и перо покажуваат чувство за прецизност на линијата, за обликување на простор и волумен со светло - сенка, особено кога има неопходност од нагласување на наративност. Некои илустративни цртежи ги решава со присуство на боја , повеќе сликарски, обојувајќи површини без поголемо продлабочување во минуциозното обработување на елементите. Поновите цртежи работени на лице место претставуваат реални согледувања на рурална средина и



природа. Во нив ги поврзува традицијата и импресијата.

Графичкиот опус на Пашанко претставува надоврзување на интересот за цртежот. Во графиката ги има испробано сите графички техники.

Дрворезите и линорезите покажуваат цврсина на изразот и компактност на композицијата. Длабокиот печат најдобро ја изразува неговата инвентивност за илустрација. Најслободно ги пренесува своите идеи во акватинта, додека литографијата ја користи за графичко транспонирање на цртежот во кој доминира широка, засенчена линија. И во графичкиот опус застапена е фигурата со ретки исклучоци на елементи од градска архитектура.

Сликарскиот опус го сочинуваат главно портрети и пејзажи.Портретите претставуваат експресивни трансформации на машки и женски ликови со специфични карактеристики на академизам во ликовниот ракопис. Колоритот е во функција на цртежот, на места добива кубистички или импресионистички третман. Пејзажот има специфики на експресија на изразот. Доминира бојата додека цртежот е во втор план. Пејзажите од поново време имаат импресионистички третман.

Рељефите со фигуративни претстави во мермер и дрво се работени во плитка резба, а ги карактеризира сигурна линија и чувство за богато обликување на телесните облини. И во овие дела запазен е психичкиот момент на фигурите кои ги работи по скица.

Делата работени по 1990год. изразуваат момент на празнина која го исполнува авторовото чувство за творење по подолга пауза и покажува каде можи да се усмери авторовиот интерс доколку се запостави основниот елемент во креативноста - творештвото.

Оваа изложба на Петар Пашанко претатавува историски пресек на едно непознато ликовно творештво од I деценија, а воедно и потврда за патот на една креативност која останува затворена уште на самиот почеток.

Лиљана Христова






***Петар Пашанко,*** роден во Битола на 14 Март 1929 година.
Во 1950 год. учи Средна уметничка школа во Скопје (1 година),
кај професорите Коцоман и Стефановски.
1953 - 1958 год. Академија за применета уметност во Белград,
отсек применета графика, кај проф. М. Петров.
Учествувал на групни изложби со Битолските ликовни уметници,
до 1964 год.
Од 1964 до 1989 год. работи како професор по ликовна уметност
во Гимназијата "Ј. Б. Тито" во Битола.

# ***КАТАЛОГ***

## Графики:

1. Автопортрет, 1957, сува игла
2. Илустрации по текст на Е.Зола, 1957
3. Мотив од Белград, 1957, бакропис
4. Пред ТВ, 1996, бакрорез
5. Портрет, 1996, акватинта
6. Портрет,1981, акватинта
7. Автопортрет, 1996
8. Лаза Лазаревиќ, 1958
9. Мотив од Новаци - Одмор, 1983
10. Без наслов, 1981, акватинта
11. Демнеж, 1981, акватинта
12. Илустрации по Л. Лазаревиќ, 1958
13. Илустрации по Пруст, 1956, линорез
14. Илустрации на тема Крали Марко, 1956
15. Автопортрет, 1956, дрворез
16. Модел, 1956, дрворез
17. Литографии на тема приморски градови, 1960
18. Тема: Кубански бунт, 1963, монотипија
19. Без наслов, 1963, монотипија

## Цртежи:

1. Илустрации по текст на Е. Зола, 1957, туш
2. Илустрации по текст на Пруст, 1956, туш
3. Илустрации по текст на С. Мом, 1958, туш
4. Илустрации по Хемингвеј, 1958, туш
5. Цртежи по модел, 1957, молив
6. Мртва природа, 1957, туш
7. Мост 1885, 1990, молив
8. Мотив од Маловишта I, 1990, молив
9. Мотив од Маловишта II, 1990, молив
10. Портрет,1957, туш
11. Акт I, 1957, туш
12. Акт II, 1957, туш

## Темпери:

1. Мотив од Смолево, 1959
2. Мотив од Горица I, 1959
3. Мотив од Горица II, 1959
4. Билјанини извори, 1959
5. Сон, 1954
6. Мртва природа, 1956
7. Модел - кубистички, 1956
8. Модел, 1956
9. Андреевски Томислав, 1956
10. Акт, 1956
11. Импресионистички модел,1956
12. Модел II, 1956
13. Портрет на Владе, 1960
14. Модел III, 1956
15. Фигура, 1956

## Масла:

1. Неми сведоци, 1961
2. Мими Шперовиќ, 1959
3. Портрет на Јулка, 1960
4. Автопортрет 1954, 1954
5. Мотив од Битола, 1954

## Акварели:

1. Мотив од Драгош, 1989
2. Мотив од Велушина I, 1989
3. Мотив од Велушина II, 1989

## Рељефи:

1. Акт - дрво
2. Акт II, дрво
3. Акт I, мермер
4. Портрет

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА БИТОЛА
26 Август - 10 Септември 1998

ОРГАНИЗАТОР: ЗАВОД, МУЗЕЈ И ГАЛЕРИЈА - Битола
За организаторот: Никола Ивановски
Комесар на изложбата: Лилјана Христова
Компјутерска обработка и печат: Печатница "ГУТЕНБЕРГ" Битола